ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА

Број 80,
**Четврток,**
20.9.2018

СЗПМ
Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

# За СЗПМ септември е месец на празнување и резултати

Деветтиот месец од годината за Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија е секогаш месец на празнување и резултати. Ги празнуваме 8 Септември, Денот на независноста на Република Македонија, и 20 Септември, Денот на пензионерите во Македонија, и се радуваме на постигнатите резултати на Пензионерската спортска олимпијада, која се одржува на почетокот од месецот.

Секој народ во својата историја покрај тажните настани бележи и времиња на восхит и победа. На патот кон изгрејсонцето жртвите не се заборават, и затоа годишнините од поразите се одбележуваат, а годишнините од победите се слават и празнуваат. Нашиот народ преживеал многу порази, но сепак нашиот сон беше реализиран на 8 септември 1991 г., кога беше обновено и одново создадено нашето мало „царство“, независна Република Македонија, држава во која сите граѓани се еднакви без разлика на вера и нација, без разлика на политичка определба, без делби, во соживот како што било низ вековите.



Желбата отсекогаш ни била да бидеме тоа што сме, еднакви со сите други околу нас, до нас и во светот, оти ние не напаѓаме ничие дело, не засенуваме ничија светлина, не загрозуваме ничие его. Го сакаме светот. Поддржуваме и им се радуваме на сечиј мирен напредок и слобода, но сакаме да ги зачуваме и нашите слобода и напредок.

Како и да е, и покрај сé, не може никој да негира дека постоиме. Со сите превиди, со сите свесни и несвесни грешки, со сите разединувања и повици за обединување, со сите гордости и разочарувања, ние сме и остануваме на светската сцена како свои и како дел од светот. Заради сето тоа треба да веруваме во себе, да веруваме во нашата мудрост, во мудроста на народот, а нашето водство треба само да го следи пулсот на народот, бидејќи тој никогаш нема да изневери!

Затоа нека им е слава на оние што паднаа за татковината и честитки за оние што преживеаја во борбите, востанијата и реформите за подобар живот, за успешно да се изоди патот кон изгрејсонцето, кон подобра иднина за сите граѓани на нашата земја.

На 20 септември го празнуваме Денот на пензионерите во Македонија. Најмасовната невладина мултиетничка организација во државата, Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, кој оваа година го одбележува својот 72-от роденден. Речиси еден просечен човечки животен век. Не е малку! Но требало да се изоди еден подолг пат, да се открие интересот на членството, да се создаде современа структура на организацијата, да се осмисли содржина на активностите. Требало да се мотивираат луѓето да излезат од затвореноста, да почнат масовно да комуницираат, да се дружат. Требало да се амортизира отпорот кон активен живот и по пензионирањето. Требало да се воспостават односи со институциите на државата за да се решаваат виталните прашања од интерес на луѓето од третата доба, на пензионерите. Требало да се најде секој себеси во оваа организација за да се омасоват повеќе активности и да почнат пензионерите да водат активен живот. Требало да се убедат многу резигнирани лица, што од животната ситуација, што од транзицијата, што од безидејноста на празниот пензионерски ден дека животот ќе им биде поубав ако се здружат и активираат.

Денес може да се каже дека Сојузот направил многу чекори потребите на пензионерите да ги анимира, организира и реализира. На тие чекори се горди и раководствата, но и секој добронамерен поединец-пензионер. Денес, околу 270.000 пензионери здружени во СЗПМ бележат победи и резултати на повеќе полиња од дејствувањето. Најголема победа и највисок резултат се другарувањето и соживотот. Но пензионерите не се горди само на тоа. Горди се на називот „чувари на нашиот идентитет, културно богатство и традиција“. Горди се и на постигнатите резултати во хуманоста и во меѓугенерациската соработка. Горди се на постигнатата транспарентност во работата и на многу доброто информирање. Горди се и на спортските резултати кои ги постигнуваат на сите нивоа, од ниво на разграноци преку регионалните, па сé до натпреварите на државно ниво.

И оваа 2018 година, пензионерите по 23-ти пат, на 2 септември во Радовиш покажаа дека годините не претставуваат граница и дека го знаат значењето на спортувањето и на физичката активност, особено за луѓето од третата доба. Дваесет и третата републичка пензионерска олимпијада на спортот и другарувањето, најстарата и најмасовна пензионерска програмска активност во СЗПМ, се одржа во чест на 8 Септември, Денот на независноста на Република Македонија, и 20 Септември, Денот на пензионерите во нашата земја.

На олимпијадата прв на присутните им се обрати претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев. Во своето обраќање тој ја поздрави енергијата што ја имаат пензионерите и им порача дека грижата и заштитата остануваат врвен приоритет на Владата.



Ги следиме европските практики, гледаме како живеат пензионерите во земјите од Европската Унија, поспокојно и покомотно, и токму затоа секојдневно работиме, затоа и стратегиските чекори кои ги преземаме водат токму кон Европската Унија. Тие чекори се за да го издигнеме стандардот на достоинствено ниво какво што му прилега секому што чесно си ги изработил своите продуктивни години и треба да ги ужива пензионерските денови исправено и горделиво - истакна премиерот Заев.

Министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, рече дека со организирање на различни настани од социјален, културен и спортски карактер, Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија придонесува да се подобри нивниот статус. Им порача дека Министерството посветено работи на обезбедување подобри услови за достоинствен живот на овие граѓани кои со животното искуство што го имаат се многу значајна алка во општеството.

Македонија е социјална држава која се грижи за граѓаните преку обезбедување социјална сигурност и пристап до социјалните права. Врвна цел на Владата е што повеќе да ги унапреди и подобри овие права со што ќе го подобри стандардот на пензионерите и ќе им обезбеди достоинствен и мирен живот. Затоа, како што растат платите, растат и пензиите двапати годишно - рече министерката.

Обраќањето на премиерот и на министерката беа проследени со аплауз од присутните, почестени од нивните пригодни обраќања и убавите зборови.

Од името на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија на присутните им се обрати Салтир Каровски, потпретседател на ИО на СЗПМ.

Чувствувам особена чест и задоволство што можам од името на СЗПМ денес, во Радовиш, на оваа убава спортска манифестација, да ве поздравам со единствена цел - унапредување, збогатување и проширување на интересот и мотивираноста на пензионерите за практикување на спортските активности за одржување на нивната психофизичка активност и кондиција. Посебно сакам да го изразам моето, а верувам и вашето, задоволство што денес на овој наш собир нé почестија со своето лично присуство господинот Зоран Заев и госпоѓата Мила Царовска, покажувајќи искрена поддршка на Сојузот како невладина, непартиска и мултиетничка асоцијација на пензионерите – истакна Каровски.

Присутните гости, спортисти и љубители на спортот ги поздравија и градоначалникот на Радовиш, Герасим Конзулов и градоначалникот на Конче, Благој Илиев, кои, меѓу другото, истакнаа дека се почестени што СЗПМ им даде доверба ЗП-Радовиш и Конче да бидат домаќини на 23-от републички пензионерски натпревари и ветија дека општините секогаш ќе ги помагаат пензионерските активности, бидејќи тоа го заслужуваат.

Јордан Костадинов, претседател на ЗП-Радовиш и Конче, здружение кое оваа година е и домаќин на оваа масовна манифестација, им посака добредојде на присутните, а на спортистите добри резултати.

Пред голем број љубители на спортот и навивачи, во 11 дисциплини во машка и во женска конкуренција, во 23 категории се натпреваруваа 503 спортисти, 264 пензионери и 239 пензионерки од 43 здруженија, членки на СЗПМ, кои со своите резултати на регионалните спортски натпревари се изборија за учество на оваа најмасовна пензионерска спортска манифестација во Република Македонија.

Во мошне изедначена поединечна и екипна конкуренција најдобри беа натпреварувачите од ЗП-Тетово, ЗП-Охрид и Дебрца, ЗП-Прилеп, ЗП-Куманово.

На крајот на натпреварите беа прогласени и најдобрите поединци во трите дисциплини: стрелаштво, шах и пикадо во женска и во машка конкуренција, на кои претседателот на комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ, Здравко Петковски, им врачи посебни пехари. Натпреварите завршија со предавање на преодниот пехар на севкупните победници, односно на ЗП-Тетово. Со честитки за постигнатиот успех, пехарот им го врачи потпретседателот на ИО на СЗПМ, Салтир Каровски.

- И овој пат докажавте дека спортот е многу битен за луѓето од третата доба и дека со негово практикување се јакнат физичкото и психичкото здравје – рече Каровски.

Воодушевен од победата, претседателот на ИО на ЗП-Тетово, Шабан Азизи, со пригодни зборови им се заблагодари на натпреварувачите кои со аплауз го поздравија големиот успех заедно со сите присутни во салата.

Со тоа заврши 23. олимпијада, која беше олимпијада на спортот, дружењето и соживотот. Така сплотени и здружени да продолжиме и во иднина на наредните олимпијади за кои се надеваме дека ќе прерасат во балкански и меѓународни.

Нека ни се честити сите празнувања и резултати на сите полиња.

**Калина С. Андонова**

## Честит 20 септември - Денот на пензионерите на Македонија

СЗПМ

ЗП-КОЧАНИ

# Повеќе илјади пензионери на средбата во Пантелеј





На традиционалната 12-та средба на пензионерите од Македонија, членки на СЗПМ, чиј домаќин и годинава беше ЗП-Кочани, присуствуваа повеќе илјади пензионери од над триесет пензионерски здруженија во Македонија. Дебелите букови, дабови и оревови сенки и манастирските конаци беа претесни да ги соберат сите кои беа дојдени да бидат дел од прославата во Пантелеј.

На големиот број присутни пензионери и други гости најпрвин им се обрати Ѓорѓи Серафимов, претседател на ЗП-Кочани, кој се заблагодари за масовното присуство и за посетеноста на манастирот.

Потоа, потпретседателот на ИО на СЗПМ, Салтир Каровски, во името на Сојузот на присутните им посака пријатен престој, убаво дружење и средба за паметење. Каровски ги повика пензионерите на што поголема вклученост и активност во рамките на Сојузот и на нивните здруженија заради обезбедување подобри услови за живот, за здраво и успешно стареење.

На присутните им се обрати и градоначалникот на Кочани, Николчо Илијев, кој, воодушевен од масовното присуство на пензионерите. ја искажа подготвеноста на општината да им помогне на луѓето од третата доба во сите нивни активности.

Илијев, исто така, зборуваше за активностите во месните клубови на пензионерите, а најави и скорашна изградба на домот за стари лица кој ќе се гради во Кочани.

По официјалниот дел, присутните на собирот во Пантелеј ја разгледаа околината и се воодушевуваа на фреските и иконите во двете манастирски цркви работени од тајфата на Димитар Андонов Папрадишки, насликани во првата половина на 19 век.

**К. Герасимов**

ЗП-КУМАНОВО

# Лидер во културата и во меѓународната соработка



Претседателот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, Драги Аргировски, еминентен познавач на севкупните состојби на пензионерското дејствување во Македонија и пошироко, во една пригода има речено дека „Здружението на пензионерите од Куманово се вбројува во најактивните на полето на културата. Во практика докажувате дека сте лидер во културата. Со проширената соработка со странство се етаблирате и како лидер во меѓународната соработка“.

Овие констатации, изречени од првиот човек на македонските пензионери, имаат силна потврда во повеќегодишната соработка со голем број пензионерски здруженија од Бугарија, Романија, Србија, Хрватска, Словенија, Косово и од Албанија. Во изминатите десетина години има остварена соработка и размена на искуства и мислења на многу полиња од работата, а особено во областа на културата.

Учеството на КУД „Ѓоко Симоновски“ на Меѓународниот фестивал за трета доба во Љубљана, широко ги отвори вратите за излез на здружението на меѓународната сцена. Потоа следуваа настапите на фестивалите во: Ѓаковица во Хрватска, Зрењанин, Лесковац, Врање, Заечар, Смедеревска Паланка и Врњачка Бања во Србија, Софија, Варна и Пловдив во Бугарија и Лепосавиќ на Косово.

Но тоа не сé. Самостојни целовечерни концерти, КУД „Ѓоко Симоновски“ има приредено во: Крагуевац, Прокупље, Смедеревска Паланка, Јабука и Качарево, во Ниш за нашинците од нишката општина Медијана, како и во Тирана и Подградец во Албанија, а посебна програма има прикажано во романскиот град Кампина, во рамките на средба на десетина града од Европската Унија.

Реализирани се и голем број возвратни посети. Со свои културно-уметнички остварувања во Куманово гостуваа пензионерски друштва од Врање, Лесковац, Смедеревска Паланка и Крагуевац од Србија, Форкушевци од Ѓаково од Хрватска и од Софија.

Драмската работилница имаше свои настапи во Врање и во Кршевица кај Врање со „Ленче Кумановче“, „Сомнително лице“ и со „Шути и рогати“.

Како резултат на плодната соработка со повеќе пензионерски здруженија и културно-уметнички друштва се роди идејата ова здружение да биде организатор на балкански фестивал на хорови и пејачки групи „Пензионерите пеат“. На трите досега одржани фестивали учествуваа хорови и пејачки групи од Ниш и Лесковац (Србија), Перник, Земен, Чокоба од Сливен и Угарчин (Бугарија), како и Гази Баба, Кавадарци, Прилеп, Струмица и Куманово од нашата држава.

Сето ова и во практика ја потврдува констатацијата дека ЗП-Куманово е вистински лидер во културата и во меѓународната соработка.

**Спирко Николовски**

ЗП-КРИВА ПАЛАНКА

# Интернационалниот фолклорен фестивал со многубројна публика

Во програмата на културното кривопаланечко лето, која е поддржана од општината и од градоначалникот Борјанчо Мицевски, како и од ЛУ „Градски музеј“ и од НУЦ за култура од Крива Паланка, влезен е и меѓународниот фолклорен фестивал и чествувањето на Успение на Пресвета Богородица и на светецот Јоаким Осоговски, кој е заштитник на градот Крива Паланка. По тој повод се одржа и 14-от Интернационален фолклорен фестивал на песна, музика, игри и обичаи од поднебјето од каде што доаѓаат фолклорните друштва. На 24, 25 и 26-ти август во Крива Паланка, на сцената продефилираа друштва од пет држави и тоа: Македонија, Србија, Бугарија, Турција и од Северен Кипар. Сите групи настапија облечени во носии во колоритна боја од крајот од каде што доаѓаат. На сцената се претставија и домашните друштва: „8-ми Октомври“, „Сонце“, „Фолклористи“ и „Карпош“.

Секој настап на друштвата беше награден со громогласен аплауз од многубројната публика, која во најголем број беше од пензионери кои беа горди на настапите на своите внуци.

Чест да ја отворат првата вечер и самиот фестивал имаа претставниците на домаќинот „8-ми Октомври“, а третата и последна вечер ја затворија претставниците на фолклорното друштво „Карпош“. Фестивалот го прогласи за отворен градоначалникот Мицевски.

Душата ми е навистина полна, бидејќи и овој пат се докажавме како добри домаќини, а Крива Паланка личеше како Европа на Балканот во мало, бидејќи на сцената продефилираа седумнаесет фолклорни друштва кои ја претставија културата на петте држави од каде што дојдоа учесниците – истакна градоначалникот.

По завршувањето на втората фолклорна вечер свој настап имаше групата „Рибја чорба“, со што се реализираше уште еден културен настан таканаречен „Џојфест“. На 27-ми август свој концерт одржа и поп-пејачката Јелена Томашевиќ. На крајот, градоначалникот Мицевски на сите учесници на фестивалот им додели плакети од општината Крива Паланка.

На денот на Успение на Пресвета Богородица, по завршувањето на утринската литургија во црквата „Свети Димитрија“ од неа тргна црковна поворка, Литија до црквата „Св. Богојавление“ на плоштадот „Карпошово востание“. Литијата беше одржана во чест на светецот Јоаким Осоговски. Воедно беа осветени двете реконструирани општински сали, а кои беа пуштени во употреба од страна на премиерот Зоран Заев. На денот на Успение на Пресвета Богородица, на 29-ти август, се служеше утринска и вечерна богослужба од страна на владиката митрополит Јосип Кумановски. Имаше сечење на славски колач и водокрст, а потоа од нејзина страна беше организирана и свечена трпеза на која присуствуваа еминентни гости. Покрај другите гости имаше и претставник од пензионерите на ЗП-Крива Паланка. Река од луѓе и возила се слеваа кон манастирот „Свети Јоаким Осоговски“. Граѓани, пензионери и други гости брзаа да се помолат за здравје и да побараат божји мир што го нудат иконописите на божјиот храм. И овој пат најмногубројни посетители беа пензионерите од соседните градови, а најмногу ги имаше од Кочани.

**Б. Стојчевска**



ЗП-ВИНИЦА

# Пензионерско дружење со два повода





На 13 септември 2018 година се одржа пензионерска средба на локалитетот „Свети Спас“ во селото Драгобраште, крај Виница. Средбата се одржа по повод Денот на осветувањето на црквата „Свети Спас“ и Денот на пензионерите на Македонија - 20 септември. На средбата присуствуваа 13 здруженија на пензионери, со околу 1.500 пензионери.

Домаќин на средбата беше ЗП-Виница, здружение кое е познато по своите многубројни традиционални активности, но и по организирање на средби за чествување на значајни празници, настани и средби на зелено во соработка со општината Виница. Оваа средба е поддржана и од Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, бидејќи на овие средби пензионерите излегуваат од своите домови и поминуваат пријатни мигови во природа. Исто така, овие пензионерски средби се и во насока на активно стареење и корисно исполнување на пензионерското слободно време. Со организирањето вакви активности здруженијата покажуваат дека се корисни општествени чинители на подрачјето каде што дејствуваат.

На ова пензионерско дружење пензионерите прв ги поздрави претседателот на ЗП-Виница, Драган Петков. Присутните ги поздрави и градоначалникот на општината Виница, Ивица Димитров, кој им ги честита двата празника и вети дека и во иднина ќе ги поддржува активностите на ЗП-Виница, но и пошироко. Во името на СЗПМ на присутните им се обрати секретарката на ИО на Сојузот, Станка Трајкова, која ги поздрави пензионерите и притоа нагласи дека пензионерите заслужуваат да им се организираат вакви средби во безвременската Виница, каде што се вкрстувале повеќе цивилизации оставајќи артефакти кои го заобиколуваат целиот свет.

Значењето на средбата беше зголемено и со присуството на министерката за одбрана, Радмила Шекеринска. Целта на средбата беше постигната, бидејќи имаше голем број присутни пензионери кои се рекреираа на септемвриското сонце со желба повторно да се дружат.

С.Т

ЗП-ОХРИД И ДЕБРЦА

# Охридските пензионери на гости на празникот на пензионерите на Врање



ЗП-Врање, Србија, православниот празник „Свето преображение господово“ - (19 август) го одбележува како свој празник. По тој повод, делегација на ЗП-Охрид и Дебрца и годинава присуствуваше на одбележувањето на празникот на пријателското здружение на Врање. На свеченоста традиционално присуствуваа и претставници на ЗП-Куманово и на ЗП-Битола. Во охридската делегација на прославата беа претседателот на здружението, Ѓорѓи Трпчески, претседателот на собранието, д-р Димитар Спасески, секретарот Стефан Владимиров, членката на извршниот одбор, Иванка Балева и членката на собранието, Благица Маркулеска.

Од името на делегациите на здруженијата на Македонија присутни на прославата на здружението на Врање, ги поздрави и празникот им го честиташе претседателот на ЗП-Охрид и Дебрца, Ѓорѓи Трпчески, посакувајќи им добро здравје, унапредување на соработката, подобар стандард и долг живот. Охридското здружение со ЗП-Врање успешно соработува, во согласност со спогодбата за соработка што ја имаат потпишано пред десетина години.

За годините на постоење и за тековните активности на ЗП-Врање на свеченоста зборуваше претседателката на здружението, Мирослава Трајковиќ, која истакна дека ЗП-Врање има соработка со неколку македонски здруженија и притоа изрази задоволство и посака истата да продолжи како и досега, бидејќи не така далеку бевме и останувме не само пријатели туку и повеќе од тоа, и затоа нашата денешна заедничка средба е уште една потврда на нашите некогашни и сегашни братски односи.

По повод празникот на пензионерите на ЗП-Врање, претседателот на ЗП-Охрид и Дебрца, Ѓорѓи Трпчески, заедно со претседателката на ЗП-Врање, Мирослава Трајковиќ, беше гостин на локалната телевизија ТВ-Врање плус, каде што зборуваше за соработката на охридското и на другите здруженија од Македонија со ЗП-Врање. На враќањето од Врање, охридската делегација ги посети Врањска Бања како и гробот на неодамна починатиот претседател на здружението на Врање, Зоран Алексиќ.

К. Спасески

ЗП-ПРОБИШТИП

# Спој на дувачки оркестри и изворен фолклор во Пехчево



Во прекрасната живописна и питома Малешевија, на 6 километри од Берово, сместено е преубавото мало гратче Пехчево, кое плени со својата убавина, чистиот воздух и бистрата планинска вода, мало, но вкусно уредено со куќи покрај улиците кои личат на цветни градини. Раскошната убавина и разнобојните цвеќиња му пркосат на јулското сонце, а на градот му даваат посебен шарм.

Токму овде, во прегратките на Малешевски Планини, во Пехчево, од 12-ти до 14-ти јули, во чест на големиот православен празник „Св. Петар и Павле“ се одржа 6-то издание на фестивалот на дувачки оркестри, традиционален фолклор и пејачки групи од Македонија, Србија и Бугарија. Три дена на градскиот плоштад вриеше како во кошница. Вљубениците во убавата музика од Пехчево и од околните градови се најдоа овде за да доживеат три незаборавни дена.

Фестивалот започна на 12 јули, со утринско будење во 8 часот со дувачкиот оркестар од Битола, а во вечерните часови, по традиционалното дефиле низ улиците во Пехчево, на градскиот плоштад се редеа настапите на дувачките оркестри од Србија, Бугарија и од Македонија. Сѐ до раните утрински часови на 13-ти јули посетителите уживаа во овој вид музицирање, а на празникот „Павловден“ денот беше посветен на изворниот фолклор, на традициите и вокалните изведби - ни рече во разговор организаторот на фестивалот, Живко Каликов.

Цел ден на импровизираната бина и на градскиот плоштад се нижеа настапите на фолклористите од Македонија, Србија и Бугарија, а ги имаше од повеќе генерации. Можеа да се проследат кореографиите на младите учесници од 7 до 15 години, но и незаборавните обичаи, песни и ора што ги прикажаа пензионерите од повеќе места во Македонија. Од пензионерските здруженија ги проследивме настапите на пензионерите од Делчево со познатата „Копачка“, КУД „Весели пензионери“ од Пробиштип се претстави со колажна програма од 20 минути, а пензионерите на КУД „Ѓоко Симоновски“ од Куманово го изведоа обичајот Седенка, проследен со песни и ора. Пензионерите од Русиново понудија ѓердан од изворни песни, а тука беше и настапот на домаќините преку пејачката група „Пензионер“. Вниманието на посетителите го свртеа и младите таленти од Пехчево, кои беа вистински бисер на фестивалот.

Впечатоците беа незаборавни, зашто на едно место се најдоа повеќе генерации и секоја од нив се трудеше што поавтентично да го изведе орото или обичајот. Сцената блескаше од богатиот колорит на изворните носии, а надалеку одекнуваа звуците од гајдите, кавалите, зурлите и тапаните, придружувани со прекрасните гласови на вокалните изведби. Последниот ден од фестивалот беше отстапен на дувачките оркестри, а доцните вечерни часови на дицеите и на младите.

Сé на сé, од Пехчево сите заминавме задоволни и побогати за уште едно музичко доживување. Можеби убавината на фестивалот беше во тоа што истиот немаше натпреварувачки карактер. Ревијалните настапи создадоа атмосфера на меѓугенерациско дружење, уживање во прекрасните изведби и желбата секој да го прикаже најубавото од крајот од каде што дојде.

Ние од Пехчево, како и гостите од соседството, долго ќе се сеќаваме на изведбите, на прекрасните гласови можности и на меѓугенерациското дружење, што беше и наша цел - ни рече на крајот Каликов.

М. Здравковска

ЗП-БОГДАНЦИ

# Пчелите се негово секојдневие



На патот Богданци – Ѓавото е изградена мала викендичка пред која се поставени пчелните кошници на пензионерот Ристо Иванов од Ѓавото. Љубовта кон највредните и најкорисни инсекти започнала во далечната 1976 година. Почетокот на активноста со пчелите бил макотрпен, но љубовта кон нив била посилна.

Пред повеќе од 40 години, Ристо Иванов влегува во семејството на пчеларите. Знаењето стекнато од факултетот Ристо го надградува со литература, посета на симпозиуми, користење на прирачници, списанија, искуства од постари пчелари, и како што вели, во својот дом има мала библиотека за пчеларството.

Во непосредна близина на својот дом Ристо посадил овошни дрвја кои цветаат во различни периоди.

Другарувањето со пчелите е огромно задоволство. Песната на птиците, вели Ристо, разнесена од топлиот ветер, и звукот на пчелите се убавина за уживање – вели Ристо.

Искуството од 40 години пчеларство Ристо несебично го пренесува на добронамерници кои сакаат да станат пчелари. Интересни се кажувањата на Ристо за пчелите. Тој вели дека во неговиот крај условите за успешно пчеларство се ограничени поради временските услови, но желбата, љубовта и науката како и секојдневната грижа даваат резултати.

Секогаш расположен за разговор, Ристо им помага на граѓаните со свои совети.

Пчеларството е интересно занимање, доходовно, но бара секојдневна активност, бидејќи пчелите не трпат неработници - вели пчеларот Ристо Иванов.

Димитар Чавдаров

ЗП-ВАЛАНДОВО

# Посета на манастирот „Острог“



Група од педесетина пензионери од ЗП-Валандово неодамна ја реализираше планираната екскурзија - посета на манастирот „Св. Василије Острошки-Острог“ во Република Црна Гора.

Во деновите од 10-ти до 12-ти август, еден автобус со пензионери од Валандово заминаа во посета на манастирот „Острог“. Патувањето беше преку Косово, Албанија и Црна Гора.

Во раните утрински часови групата пристигна во Подгорица каде што се направи прошетка и се разгледа градот. Околу 13 часот групата се упати кон женскиот манастир „Ждребаоник“, каде што по разгледувањето и овековечувањето на убавините на ова прекрасно дело, патот го продолжи кон крајната цел, манастирот „Острог“.

Уште од далеку пензионерите го забележаа одблесокот од белилото карактеристично за овој манастир, кој воодушевува со својата убавина. Самиот манастир е опкружен со зеленило и заедно со белината дава посебна волшебност на целата глетка.

Покрај разгледувањето на околината, највпечатливо беше пренокувањето во дворот на манастирот, каде што многубројните гости и туристи се редат еден до друг како „сардини“, сместувајќи се на тврдото дно, но никој не изразува негодување, бидејќи сите беа дојдени со надеж дека светецот секому ќе му подари милост и просветлување.

Наредниот ден, по утринската богослужба, фрлајќи последни погледи кон прекрасната слика која долго ќе се носи во срцата и во сеќавањата, пензионерите се упатија кон Будва каде што поминаа незаборавен ден крај прекрасните морски води.

Во вечерните часови ја напуштија Будва, бидејќи ги чекаше долг пат, а како и при секое патување денот го завршија со песни испеани во автобусот.

Г. Михајлова

# Поетско чествување на Кокински мугри

Сѐ повеќе се слуша за мегалопалитската опсерваторија Кокино, која ги регистрирала сончевите и месечевите мени низ вековите. Така, на 31 јули 2018 година, во раните утрински часови, во најголемиот маркер присутните го очекуваа зракот кој само на овој ден минува и го осветлува средниот трон. Поети и граѓани го набљудуваа излегувањето на првиот зрак кој падна на челото од актерот Тихомир Стојановски, кој со молитва го долови ритуалот на избирање племенски водач низ вековите.

- Од трите камени престоли зрачи традицијата, овде во карпите е врежано времето на нашите предци, памети земјата македонска многу падови и издигнувања, зашто сѐ е запишано во кодот на карпите, каде што се пронајдени артефакти кои сведочат за минатите времиња - истакна Стојановски.

Ние поетите, активни пензионери, симболично го продолжуваме духот на нашите предци, пренесувајќи го на младите. Манифестацијата „Бдеење на Кокински мугри“ продолжува со поддршка од ЛС, така што низ годините прерасна во меѓународна поетска манифестација. Настанот содржи три поетски читања и поетски конкурс за најубава песна. Пред сѐ, дружењето и убавата енергија што ја црпиме од карпестата и од фрескописаната црковна уметност, што ни дава сила да опстоиме, рече во поздравниот говор претседателката на Друштвото на писатели, Божана Перо Трајковска.

Овде се слушнаа голем број лирски треперења, вткаени во убави поетски творби, за Кокино, за Македонија, за младешките соништа, кои се собрани во Алманахот на Друштвото на писатели од Куманово, кое годинава слави 10-годишен јубилеј. По посетата на црквата „Свети Ѓорѓи“ во Старо Нагоричане, поетите имаа заеднички појадок со поетско читање во ресторанот „Грација“, каде што беа доделени признанија за најдобра песна на распишаниот конкурс.

Цвета Спасикова



ЗП-ДЕМИР ХИСАР

# Сребре валавичарот

„Која било работа што ја работиш, работи ја добро“, Мартин Лутер Кинг

Навлегувајќи во пазувите на Плакенска Планина, кладенците крај патот н одведоа до селото во кое водата се гледа насекаде околу нас. Сосема природно, заради големиот број вирови, луѓето го нарекле селото Вирово. Низ вековите овие вирови имаат една специфична функционална служба, станале валавици, или валјаци како што овде ги нарекува народот, во кои на традиционален начин тука се валале ќебиња, јамболии, јоргани, теписи, перници и др. Овде изворската вода и нејзината сила која врти и вала се првиот традиционален барабан во кој постојаната центрифуга, малку потпомогната од човечкиот фактор, ги прави ќебиња чисти откако ќе поминат низ рацете на природата. Така, вировчани во Македонија станале познати по мајсторското валање и бојадисување волнени производи. Природниот хидрографски терен на селото, кое се наоѓа помеѓу силни водотеци, со помош на овие водени благодати сѐ уште верно го чува македонскиот етнос преку овој редок занает.

Еден од најстарите и најдобри валавичари од тоа време е и 68-годишниот демирхисарски пензионер Сребре Солунчевски. Со валање се занимавал сѐ до 90-тите години од минатиот век. Занаетот го научил од својот дедо, го работел со неговиот татко, а сега сето тоа им го раскажува на своите 5 внуци.



- На времето, во Вирово имаше 80 валавици. Немаше фамилија која не се занимаваше со оваа древна мајсторија. Мојата фамилија имаше четири валавици и една сува. Валавиците се едноставни функционални направи кои не користат детергент и омекнувач, а перените работи излегуваат меки, чисти и беспрекорно испрани. Сега, скоро сите валавици се срушени и обраснати со капини и бозје. Дифтиците и јамболиите со поодамна се користат како сувенири, од едно минато, но незаборавно време - вели Сребре.

За вировските валавици се снимени многу документарни емисии и филмови, од кои еден во 1967 година, кој е прикажан на престижниот Кански филмски фестивал. Секоја фамилија во Вирово си имала одреден реон каде што работела со веленца и јамболии, а фамилијата на Сребре најмногу работела во мариовските краj, во селата Градешница, Старавина, Зович, Чаниште и др. Токму таму, во селото Чаниште, младиот валавичар Сребре ја запознава стројната мома Драгица која му станува животен сопатник.

- Одминато е времето кога со долги каравани од коњски коли, натоварени со веленца и јамболии деноноќно патувавме по Мариово. Таму отседнувавме со денови, додека не ги поминеме сите села, да ги собереме јамболиите за потоа повторно да се вратиме назад, да им го вратиме сето испрано белило за чеизот на невестите, чија убавина служеше за приказ и унет - ни вели Сребре.

По стрмното патче одиме кон единствената сочувана воденица над селото, онаа на фамилијата Штрковци, која е под заштита на Министерството за култура. Објаснувајќи ни го целиот процес на валање, го прашуваме Сребре да ни каже како се одредувала цената за валање на една јамболија.

- Ова беа првите фабрики на воден погон, изум на времето. Сѐ овде е направено од дрво, без ниту еден клинец, вистинска уметност. Цената на валањето беше на кило. Колку потешка јамболија - толку поскапо. Најтешки за работа, ама и најквалитетни, беа оние од Мариово, а од нив и најдобро се заработуваше, бидејќи беа тешки околу 20 кг. Во тоа време работев и за најголемите некогашни текстилни гиганти како „Битолатекс“, „Илинденка“ од Крушево и „Преспатекс“ - со гордост, но и со носталгија се присетува Сребре за животот во Вирово, за некогаш големото занаетчиско село полно со валавици.

Зоран Стевановски

ЗП-ДЕМИР КАПИЈА

# Спортистите на прием кај градоначалникот

Неодамна спортистите од Здружението на пензионери од Демир Капија, заедно со претседателот на здружението, Благој Кавазовски, беа примени од градоначалникот Лазар Петров. Претседателот Кавазовски го запозна градоначалникот со постигнатите резултати на демиркаписките пензионери на одржаните 23. републички пензионерски спортски натпревари кои се одржаа на 2 септември во Радовиш.

Пензионерите од Демир Капија се натпреваруваа во три дисциплини и тоа: пикадо жени, кои го освоија првото место, фудбал жени, кои го освоија третото место и натпревар во играње табла во категорија жени, кои го освоија четвртото место.

На средбата стана збор и за реализираните активности и идни планови на здружението. Градоначалникот им честиташе за постигнатите резултати и им посака понатамошен успех и срејќни пензионерски денови, а вети дека општината ќе ги поддржува пензионерските активности во граница на можностите.

П. Пашоевски





Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат: Калина С. Андонова од СЗПМ

Александар Димковски и Јадранка Ковјаниќ од „Нова Македонија“